РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА
СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**Склучен на _____________ година, во Скопје, помеѓу**

1. **Академија за судии и јавни обвинители**, со седиште на бул. „Јане Сандански“ бр. 12 во Скопје, претставувана од директорката, судија Анета АРНАУДОВСКА и

2. **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје**, со седиште на бул. „Гоце Делчев“ бр. 9а во Скопје, претставуван од деканот, проф. д-р Славица ВЕЛЕВА.

Академијата за судии и јавни обвинители и Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ Скопје (во натамошниот текст „потписници“), потврдувајќи ја заедничката заложба, интерес да дадат свој придонес за зајакнување на капацитетите на судството преку Академијата за судии и јавни обвинители како еден од главните приоритети за членство на Република Македонија во Европската Унија, преку развивање меѓусебна соработка во насока на обезбедување на обуки за изучување на странски јазици се договорија за следното:

**Член 1**

Со овој Меморандум се регулираат правилата на меѓусебната соработка и координација на активности меѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

**Член 2**

Соработката меѓу потписниците на овој Меморандум ќе се остварува во рамки на нивната законска надлежност и со:

- одржување обуки на судиите и јавните обвинители и на други целни групи за нивно континуирано стручно усовршување;
- одржување часови за слушателите на почетната обука во рамките на Програмата за почетна обука – теоретска настава на Академијата за судии и јавни обвинители;

- одржување обуки за континуирана едукација на одреден странски јазик и користење стручна правна терминологија на странски јазик на службените лица од Стручната служба на Академијата за судии и јавни обвинители;
- развивање e-learning модул за обука на судиите и јавните обвинители за изучување на странски јазик;

**Член 3**

За обуките и другите активности во рамки на меѓусебната соработка, потписниците ќе вршат размена на предавачи, учесници, искуства и знаења. Покрај тоа се предвидува користење на просторните капацитети на потписниците.

**Член 4**

Спроведувањето на овој Меморандум ќе се овозможи со подготвувањето на програмите за работа на потписниците, во кои се определуваат темите и опфатот на соработка и организационите прашања.

**Член 5**

Соработката утврдена со овој Меморандум, потписниците ќе ја остваруваат преку лица овластени за контакт.

Меморандумот ќе биде предмет на постојана заедничка анализа со цел за унапредување на соработката.

**Член 6**

Овој меморандум за соработка може да се измени со писмен договор меѓу двете страни.

Доколку некој од договорните страни не ги почитува обврските зацртани во овој Меморандум другата страна може да го раскине истиот по истекот на еден месец откако по писмен пат ја известила другата страна за раскинувањето.

**Член 7**

Соработката од членот 2 на овој Меморандум ќе се остварува во согласност со договорите кои дополнително ќе се склучат за спроведување на одредбите на овој Меморандум.

**Член 8**

Овој Меморандум стапува во сила од денот на неговото потпишување и ќе важи за временски период од три години. По истекот на овој период неговото важење автоматски ќе се продолжи за нареден период од три години, освен во случај еден од потписниците да го раскине овој Меморандум, но не подоцна од три месеци пред истекот на рокот на неговото важење.

**Член 9**

Меморандумот за соработка е склучен во четири оригинални примероци, од кои по два за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| Академија за судии и јавни обвинители | Филолошки факултет „Блаже Конески“ |
| Директор, | Декан, |
| Судија Анета АРНАУДОВСКА | проф. д-р Славица ВЕЛЕВА |
| ________________________________________ | ___________________________________ |